# Упатство за Транзитна постапка во железничкиот транспорт **Б-3**

**Содржина на Упатството**

**Б-3-1 Општи одредби .......................................................................... 4**

**Б-3-2 Транзит којшто започнува надвор од царинското подрачје и завршува во царинското подрачје ...................................................... 5**

**Б-3-2-1 Започнување на транзитната постапка ................................ 5**

**Б-3-2-2 Постапување со стока која подлежи на ветеринарна , фитосанитарна и радиолошка контрола ............................. 6**

**Б-3-2-3 Завршување на транзитната постапка ................................ 7**

**Б-3-2-4 Специфични случаи во транзитната постапка ..................... 8**

**Б-3-3 Увозно царинење на стоката ............................................................ 9**

**Б-3-3-1 Поедноставена постапка при увозот - Овластен примач - локално царинење ................................................................ 10**

**Б-3-4 Транзит којшто започнува и завршува во царинското подрачје (или надвор од царинското подрачје) ............................................... 12**

**Б-3-4-1 Транзит којшто започнува и завршува во царинското подрачје ............................................................... 12**

**Б-3-4-2 Транзитна постапка за стока, за која после извозно царинење се поднесува транзитна декларација - согласно упатството за повторен извоз и упатството за извоз ......... 12**

**Б-3-4-3 Измена на договорот за превоз - Реекспедиција ................ 14**

**Б-3-5 Извоз и потврдување на излез на стоката ........................................ 14**

**Б-3-5-1 Поедноставена постапка при извозот - Овластен примач локално царинење .............................................................. 16**

**Б-3-6 Транзит којшто започнува надвор од царинското подрачје и завршува надвор од царинското подрачје ......................................... 17**

**Б-3-7 Специфики во однос на превозот на стоката преку железница .... 18**

**Б-3-7-1 Претовар на стока ...................................................................... 18**

**Б-3-7-2 Однесување на железницата во случај на поправка на вагоните ...................................................................................... 18**

**Б-3-7-3 Железнички товарен и помошен прибор, празни вагони и контејнери ........................................................................ 19**

**Б-3-8 Транзит на стоката во големи контејнери, кои се пренесуваат во организација на друштвото *Intercontainer-Frigo(ICF)*................ 20**

**Б-3-8-1 Комбиниран транспорт ........................................................... 21**

**Б-3-9 Внесување на стока во слободна зона и изнесување од неа .......... 21**

**Б-3-10 Контрола на транзитната постапка .................................................. 22**

**Прилог 1 - СПИСОК НА ВАГОНИ-КОНТЕЈНЕРИ ..................................................... 24**

**Прилог 2 - ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РЕЕКСПЕДИЦИЈА .................................................. 25**

**Прилог 3 - СПИСОК НА АКЦИЗНИ И ДРУГИ СТОКИ ................................................ 26**

**Прилог 4 - ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНЗИТ НА АКЦИЗНИ И ДРУГИ СТОКИ ........................ 27**

**Прилог 5 - БАРАЊЕ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА ПРОВЕРКА ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИ ТРАНСПОРТ .................................................................. 28**

## Б-3 ТРАНЗИТНАТА ПОСТАПКА ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ ТРАНСПОРТ

### Б-3-1 *Општи одредби*

**1.** Транзитната постапка при превозот на стока со железницата се извршува на поедноставен начин.

Поедноставување на формалностите се прави врз основа на железничкиот товарен лист - **ЦИМ** и е пропишано во членовите од 278 до 289 и 302 до 304 од Уредбата за спроведување на Царинскиот Закон ***( службен весник на Р.М. број 66 од 08.08.2005 г. )*** - во понатамошниот текст **УСЦЗ** .

**2.** Поедноставената транзитна постапка при превозот на стоката со железницата се извршува според следните услови :

*чл. 278 од УСЦЗ*

- Товарниот лист - **ЦИМ** има иста важност како транзитна декларација

*чл. 230 став 1 од УСЦЗ*

- Секој вагон се смета како едно транспртно средство

*чл. 280 став1 од УСЦЗ*

- Главен обврзник за транзитната постапка е Ј.П.Македонски Железници

*чл. 279 од УСЦЗ*

- Царински надзор на завршените транзитни постапки врши Секторот за контрола и истраги во рамките Централната Управа на Царинската Управа на Република Македонија врз основа на евиденцијата која се води во службата за контрола на приходи на Ј.П. Македонски Железници

**Б-3-2** ***ТРАНЗИТ КОЈШТО ЗАПОЧНУВА НАДВОР ОД ЦАРИНСКОТО ПОДРАЧЈЕ И ЗАВРШУВА ВО ЦАРИНСКОТО ПОДРАЧЈЕ***
***(член 287 од УСЦЗ)***

**Б-3-2-1** ***ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ТРАНЗИТНАТА ПОСТАПКА***

**3.** Транзитната постапка започнува во појдовниот царински орган. Појдовен царински орган е царинската испостава на подрачјето на кое што се наоѓа железничката станица, каде што пратката влегува во царинското подрачје.

Железницата на појдовниот царински орган му поднесува електронски запис од товарниот лист - **ЦИМ** (во " **Modtrs** ") и сет од оригиналниот товарен лист - **ЦИМ** (листови **1,2** и **3**).

Железницата за потребите на царинскиот надзор ги доставува само податоците за стоката, **односно во електронскиот запис ја внесува само тежината на стоката ,** ако тежината на железничкиот товарен прибор или тежината на контејнерот е посебно наведена во товарниот лист - **ЦИМ** .

***Пример : Ако во товарниот лист - ЦИМ е наведено следното,***

| 31 Znaci/Vid na mabala`a/Vid na stoka<br>Marques/Nombre/Nature d emballage/Designation de la marchandise<br>Zeichen/Anzahl/Art der Verpackung/Bezeichnung des Gutes | 32<br>RID | 33 Царински тарифен број<br>N du tarif douanier<br>Zolltarifnummer | 34 Masa kg- Masse kg |
|---|---|---|---|
| **HARTIJA**<br>**KONTEJNER** | | 4804 | 19.000<br>4.000<br>23.000 |

***тогаш, железницата за бруто тежина на стоката ќе внесе 19.000 кгр.***

Појдовниот царински орган , по регистрирањето на електронскиот запис во **>> КОНТРОЛНИКОТ ЗА СТАВАЊЕ НА СТОКА ВО ТРАНЗИТНА ПОСТАПКА ( К-1 ) <<** во сетот листови од товарниот лист - ЦИМ , во горниот дел од полето **35**, запишува забелешка :

**>> ОЗНАКА НА КОНТРОЛНИКОТ / БРОЈ НА РЕГИСТРАЦИЈА / ДАТУМ / БРОЈ НА ЦИ << ,**

и истите ги заверува со округол печат .

***Пример :***

| 35- Carinski bele{ki - Indications douanieres -Zollamtliche Vermerke |
|---|
| **К-1 / 128 / 21.01.2006 / 4021** |

Завереniот сет од товарниот лист - **ЦИМ** ( листови **1,2** и **3**), **се враќа** на железницата .

Во случаеви кога пратката содржи стоки кои подлежат на плаќање акцизи , наведени во " **СПИСОКОТ НА АКЦИЗНИ И ДРУГИ СТОКИ** " (**прилог 3** од ова упатство), железницата на појдовниот царински орган, покрај оригиналниот сет од товарниот лист **ЦИМ**( листови **1,2**и **3**) ,му поднесува и една **фотокопија од листот број 1**.

Појдовниот царински орган истата ја заверува и ја задржува во својата архива.

**Б-3-2-2** ***ПОСТАПУВАЊЕ СО СТОКА КОЈА ПОДЛЕЖИ НА ВЕТЕРИНАРНА, ФИТОСАНИТАРНА И РАДИОЛОШКА КОНТРОЛА***

**а)** При влез на стока во **Ц.И.Ж.С.Гевгелија-патнички промет, сите контроли ќе се извршуваат во** самата железничка станица.
**б)** При влез на стока во **Ц.И.Ж.С.Волково и Ц.И.Ж.С.Табановце** ќе се постапува на следниот начин:

**- РАДИОЛОШКА КОНТРОЛА** ќе се врши на самиот граничен премин

**- ВЕТЕРИНАРНА И ФИТОСАНИТАРНА КОНТРОЛА** ќе се врши на самиот граничен премин **ако стоката е во транзит** за Република Грција. Ако стоката **е наменета за увоз** во Република Македонија , во **Ц.И.Ж.С.Волково и Ц.И.Ж.С.Табановце** ќе се извршат само царинските формалности а **контролата** ќе се врши во **Ц.И.Ж.С.Трубарево. За стоката нема да се одобри друго** царински дозволено користење или употреба на стоката без одобрение од Ветеринарен или Фитосанитарен инспектор **.**

**4.** Транзитната постапка завршува во одредишниот царински орган. Одредишен царински орган е царинската испостава каде што стоката се става на увид .

Железницата, покрај електронски запис (во " **Modtrs** "), на одредишниот царински орган му го става на увид сетот од товарниот лист - **ЦИМ** (листови 1 , 2 и 3 ).

Одредишниот царински орган , по регистрирањето на електронскиот запис во **>> КОНТРОЛНИКОТ ЗА ЗАВРШУВАЊЕ НА ТРАНЗИТНАТА ПОСТАПКА ( К-2 ) << ,** во сетот од товарниот лист **- ЦИМ** (листовите 1,2 и 3), во долниот дел од **полето 35**, под бројот кој го запишал појдовниот царински орган, запишува :

**>> ОЗНАКА НА КОНТРОЛНИКОТ / БРОЈ НА РЕГИСТРАЦИЈА / ДАТУМ / БРОЈ НА ЦИ << ,**

***Пример :***

| 35- Carinski bele{ki - Indications douanieres -Zollamtliche Vermerke |
|---|
| **K-1 / 128 / 21.01.2006 / 4021** |
| **K-2 / 235 / 22.01.2006 / 1030** |

Сите примероци од заверениот товарен лист - **ЦИМ** (листовите **1,2 и 3**) **се враќаат** на железницата.

Истите податоци од листовите **2** и **3** од **ЦИМ - от**, железницата ги внесува во својот информациски систем за евидентирање на крајот на транзитната постапка .

*член 60 од Ц З*

Со регистрирањето, товарниот лист - ЦИМ , претставува збирна декларација и стоката се наоѓа на привремено чување.

**5.** По исклучок, ако една композиција или група вагони, транзитира со еден товарен лист - ЦИМ, заеднички за сите вагони , постапката е следна :

**5.1** Железницата , **на појдовниот царински орган** му поднесува :

- Електронски запис (во " **Modtrs** ") за секој вагон посебно
- Оригинален сет от товарниот лист - **ЦИМ** (листови **1 , 2 и 3**)
- Во зависност од потребата, една или повеќе фотокопии од листот број 1 од **ЦИМ - от** (за акцизна стока ,за транзит кој започнува и завршува надвор од царинското подрачје итн.)
- **"СПИСОК НА ВАГОНИ - КОНТЕЈНЕРИ"** (даден како **прилог 1** кон ова упатство) , во кој се предвидени полиња за заверка од појдовниот и одредишниот царински орган и кој претставува составен дел на товарниот лист - **ЦИМ** .

По извршените заверки на електронските записи **(за секој вагон посебно)** , појдовниот царински орган во **"СПИСОК НА ВАГОНИ - КОНТЕЈНЕРИ"**, во полињата за заверка од појдовен царински орган , ги внесува броевите на регистрација за секој вагон соодветно , а во сетот од товарниот лист - **ЦИМ** , во полето **35** става забелешка :

**>>ЗАВЕРЕН СПИСОК / ОЗНАКА НА КОНТРОЛНИКОТ /БРОЈ НА ЦИ <<,**

и оверува со округол печат на царинската испостава.

Вака заверениот сет од **ЦИМ-от** и заверениот **"СПИСОК НА ВАГОНИ - КОНТЕЈНЕРИ"**(а по потреба и заверените фотокопии) , **се враќаат** на железницата.

**5.2** Железницата покрај електронски запис, **на одредишниот царински орган** му ги става на увид сетот од товарниот лист - **ЦИМ** (листови **1,2 и 3** ) заедно со **"СПИСОКОТ НА ВАГОНИ - КОНТЕЈНЕРИ"**.

Одредишниот царински орган , по извршената заверка на електронските записи , во соодветните полиња од **"СПИСОКОТ НА ВАГОНИ - КОНТЕЈНЕРИ"** , предвидени за заверка кај одредишен царински орган , ги запишува броевите на регистрација за секој вагон соодветно, а **во**

**полето 35** од **ЦИМ - от** , под забелешката која ја запишал подовниот царински орган , запишува иста забелешка :

**>>ЗАВЕРЕН СПИСОК / ОЗНАКА НА КОНТРОЛНИКОТ / БРОЈ НА ЦИ<<**

Сетот од товарниот лист - ЦИМ и списокот , заверени со округол печат на испоставата се враќаат на железницата .

Ако некој од вагоните не може да продолжи заедно со останатите, железницата ќе направи фотокопија од **ЦИМ - от** и од **"СПИСОКОТ НА ВАГОНИ-КОНТЕЈНЕРИ"**, и **ќе го извести** одредишниот царински орган **за настанатите промени** .

Истите податоци од товарниот лист - ЦИМ и од списокот, железницата ги внесува во својот информациски систем за евидентирање на крајот на транзитната постапка .

**Б-3-3** ***УВОЗНО ЦАРИНЕЊЕ НА СТОКАТА***

**6.** Царинскиот орган, после дозволувањето на друго царински дозволено користење или употреба стоката , на листовите број **2** и **3** од **ЦИМ-от** (и на **"СПИСОКОТ НА ВАГОНИ - КОНТЕЈНЕРИ"** - ако се работи за случај опишан во точка **5**), запишува соодветна забелешка, во зависност од тоа каква постапка е дозволена.

Ако стоката увозно се царини, царинскиот орган става печат **"ОЦАРИНЕТО"** , запишува број на регистрација, датум и ги заверува со округол печат на испоставата и заверениот сет од товарниот лист-**ЦИМ** (листовите 1,2 и 3), му ги враќа на декларантот.

***Пример*** :

**ОЦАРИНЕТО**
**S 125 / 25.01.2006**

Враќањето на листовите **2** и **3** од товарниот лист **ЦИМ** (и на **"СПИСОКОТ НА ВАГОНИ - КОНТЕЈНЕРИ"** - ако се работи за случај опишан во точката **5**), кои што ја содржат таа забелешка , од страна на декларантот, за железницата значи дека за стоката се завршени царинските формалности и стоката може да се пропушти .

**7.** Транзитната постапка започнува во појдовниот царински орган. **Ако** се работи за стока наменета за овластен примач, тогаш **во полето 15** од товарниот лист - **ЦИМ** (листови **1,2** и **3**) треба да биде наведен (**уште при отпремување на стоката**) имателот на одобрението , како физички приемач на стоката, а **во полето 13** треба да биде наведен **>>ЕВИДЕНТНИОТ БРОЈ НА ОДОБРЕНИЕТО ЗА ПОЕДНОСТАВЕНА ПОСТАПКА<< .**

***Пример за пополнување на поле број 13 од ЦИМ-от*** **:**

**( S40) (MK 1030 ЛЦУ 001),**

***каде што кратенките означуваат*** **:**

**( S40 )** **-** поедноставена постапка со овластен приемач

**1030** - Царинска испостава

**ЛЦУ** - Локално царинење увоз

**001** - број на одобрение

Железницата на **појдовниот царински ор**ган му поднесува електронски запис од **ЦИМ-от** (во " **Modtrs** ") и сет од оригиналниот товарен лист - **ЦИМ** (листови **1,2** и **3**), кој е пополнет како што е опишано погоре.

Појдовниот царински орган , по регистрирањето на електронскиот запис во **>> КОНТРОЛНИКОТ ЗА ПОЕДНОСТАВЕНИ ПОСТАПКИ ЗА ДЕКЛАРИРАЊЕ - УВОЗНИ ПОСТАПКИ ( К-8 ) <<** во сетот листови од товарниот лист - **ЦИМ** , во горниот дел од **полето 35**, запишува забелешка :

**>> ОЗНАКА НА КОНТРОЛНИКОТ / БРОЈ НА РЕГИСТРАЦИЈА / ДАТУМ / БРОЈ НА ЦИ << ,**

и истите ги заверува со округол печат .

***Пример за пополнување на полето 35 од ЦИМ - от*** **:**

| |
|---|
| 35- Carinski bele{ki - **Indications douanieres -Zollamtliche Vermerke** |
| **К-8 / 25 / 10.01.2006 / 4021** |

Заверениот сет од товарниот лист - **ЦИМ** ( листови 1,2и 3), се враќа на железницата .

**Железницата** пратката(вагонот или вагоните) и листовите **2** и **3** од **ЦИМ-от** (и **"СПИСОКОТ НА ВАГОНИ - КОНТЕЈНЕРИ"** за случај опишан во точката **5**) , наменети за имателот на одобрението, во случај кога тоа не е железницата, **ги доставува на местото кое е одредено во одобрението.**

**Имателот** на одобрението којшто ја прима стоката од железницата , **до железницата веднаш** го потврдува приемот на стоката со упис на евидентниот број на одобрението за поедноствена постапка, како и број и година од **сопствената одобрена евиденција** , во полето **35** на листовите(**1,2** и **3**) од **ЦИМ - от** ( и на **"СПИСОКОТ НА ВАГОНИ - КОНТЕЈНЕРИ"** - за случај опишан во точка **5** ).

***Пример за пополнување на полето 35 од ЦИМ - от*** :

| 35- Carinski bele{ki - Indications douanieres -Zollamtliche Vermerke |
|---|
| **К-8 / 25 / 10.01.2006 / 4021** |
| **МК 1030 ЛЦУ 001 / ЕБр / 126 / 2006** |

***Каде што :***

**ЕБр** - кратенка за евидентен запис од сопствената одобрена евиденција на имателот на одобрението

**126** - реден број од евидентниот запис

**2006** - година на евидентен запис

За железницата, добивањето на вака заверените листови од **ЦИМ - от**, значи дека транзитната постапка е завршена и стоката **може** да ја предаде на приемачот .

Истите податоци од товарниот лист - **ЦИМ**, железницата ги внесува во својот информациски систем за евидентирање на крајот на транзитната постапка .

Имателот на одобрението, **најдоцна наредниот работен ден**, **мора согласно** одобрението за поедноставена постапка, на надзорниот царински орган да му достави фотокопија од листот број 3 од ЦИМ - от со внесените податоци .

Понатаму постапката се спроведува согласно Упатството за поедноставени постапки **А-6-1** .

**Б-3-4** ***ТРАНЗИТ КОЈШТО ЗАПОЧНУВА ВО ЦАРИНСКОТО ПОДРАЧЈЕ И ЗАВРШУВА ВО ЦАРИНСКОТО ПОДРАЧЈЕ ( ИЛИ НАДВОР ОД ЦАРИНСКОТО ПОДРАЧЈЕ )***

**Б-3-4-1** ***ТРАНЗИТ КОЈШТО ЗАПОЧНУВА И ЗАВРШУВА ВО ЦАРИНСКОТО ПОДРАЧЈЕ***

**8.** Во случај на транзитна постапка која започнува и завршува во царинското подрачје, врз основа на товарен лист-**ЦИМ** , **за започнување** на транзитот се зема во предвид точката **3** , **а за завршување** на транзитот, точката **4** од ова упатство .

**Б-3-4-2** ***ТРАНЗИТНА ПОСТАПКА ЗА СТОКА,ЗА КОЈА ПОСЛЕ ИЗВОЗНО ЦАРИНЕЊЕ СЕ ПОДНЕСУВА ТРАНЗИТНА ДЕКЛАРАЦИЈА - СОГЛАСНО УПАТСТВОТО ЗА ПОВТОРЕН ИЗВОЗ И УПАТСТВОТО ЗА ИЗВОЗ***

**9.** Транзитната постапка започнува во појдовниот царински орган каде што е извршено извозно царинење на стоката.

Железницата, покрај електронски запис (во" **Modtrs** "), на појдовниот царински орган му поднесува оригинален сет од товарниот лист - **ЦИМ** (листови **1,2,3 и 5**).

Појдовниот царински орган , по регистрирање на електронскиот запис во **>> КОНТРОЛНИКОТ ЗА СТАВАЊЕ НА СТОКА ВО ТРАНЗИТНА ПОСТАПКА ( К-1 ) <<** (во" **Modtrs** "), во горниот дел од полето **35** од **ЛИСТОТ БРОЈ 5 од ЦИМ - от**, внесува : **>> ОЗНАКА НА КОНТРОЛНИКОТ / БРОЈ НА РЕГИСТРАЦИЈА / ДАТУМ / БРОЈ НА ЦИ <<** , и истите ги заверува со округол печат , а во полето број **36** го внесува бројот ( или броевите - ако се работи за збирна стока ) на регистрација од **ЕЦД - то** за повторен извоз(или извоз на акцизна стока) .

***Пример :***

| 35- Carinski bele{ki - Indications douanieres - Zollamtliche Vermerke | 36 Prilizi na tovarniot list - Annexes a la lettre de voiture – Beilagen zum frachtbrief |
|---|---|
| **K-1 / 153 / 22.01.2006 / 1010** | **K-35 / 285 / 22.01.2006 /1010** |

Вака заверениот сет од товарниот лист - **ЦИМ**, се враќа на железницата.

Ако се работи за пратка која се превезува во повеќе вагони, со еден товарен лист - **ЦИМ** , во предвид треба да се земе **точката 5** од ова упатство .

**10.** Транзитната постапка **завршува** во одредишниот царински орган.

Одредишен царински орган е царинската испостава на подрачјето на кое што се наоѓа железничката станица, каде што пратката го напушта царинското подрачје .

**Железницата** на одредишниот царински орган му поднесува електронски запис од товарниот лист - **ЦИМ (во " Modtrs ")** и ги става на увид оригиналниот сет од товарниот лист - **ЦИМ** ( листовите **1, 2 ,3 и 5**).

**Одредишниот царински орган** , по извршената контрола на стоката и по регистрирањето на електронскиот запис во **>> КОНТРОЛНИКОТ ЗА ЗАВРШУВАЊЕ НА ТРАНЗИТНА ПОСТАПКА ( К-2 ) <<** , во **листот број 5 од ЦИМ - от** , во полето **35**, под бројот што го запишал појдовниот царински орган , запишува : **>> ОЗНАКА НА КОНТРОЛНИКОТ / БРОЈ НА РЕГИСТРАЦИЈА / ДАТУМ / БРОЈ НА ЦИ << ,** и го заверува со округол печат на царинската испостава .

***Пример :***

| 35- Carinski bele{ki - Indications douanieres - Zollamtliche Vermerke | 36 Prilizi na tovarniot list - Annexes a la lettre de voiture – Beilagen zum frachtbrief |
|---|---|
| **K-1 / 153 / 22.01.2006 / 1010**<br>**K-2 / 185 / 22.01.2006 / 1040** | **K-35 / 285 / 22.01.2006 /1010** |

Сите листови од товарниот лист - **ЦИМ**, се враќаат на железницата.

За железницата, добивањето на сетот од листовите од **ЦИМ - от** со вака заверениот **лист број 5** , значи дека царинската постапка е завршена и дека пратката може да го напушти царинското подрачје .

Истите податоци од **листот 5 од ЦИМ - от** , железницата ги внесува во својот информациски систем за евидентирање на крајот на транзитната постапка .

**Б-3-4-3** ***ИЗМЕНА НА ДОГОВОРОТ ЗА ПРЕВОЗ - РЕЕКСПЕДИЦИЈА***

**11.** Кога транспортот што требало да заврши во царинското подрачје, поради измени во транспортниот договор , завршува надвор од царинското подрачје, треба да се извести **одредишниот царински орган**, каде што била упатена пратката.

**Железницата** до царинскиот орган поднесува писмено **"ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РЕЕКСПЕДИЦИЈА"**(**прилог 2** кон ова упатство) , во кое ќе биде јасно поврзувањето на стариот и новиот товарен лист - ЦИМ .

Бројот на пристигање кој стои во рубрика **97** од стариот товарен лист - **ЦИМ** (го запишува железничката станица во која се врши реекспедицијата), треба да стои во **рубрика 23** од новиот товарен лист - **ЦИМ**.

За започнување на транзитот се зема во предвид **точката 9**, а за завршување на транзитот се зема во предвид **точката 10** од ова упатство

**Б-3-5** ***ИЗВОЗ И ПОТВРДУВАЊЕ НА ИЗЛЕГУВАЊЕ НА СТОКАТА***

**12.** Кога за извозно оцаринета стока не е потребно поднесување транзитна декларација ( согласно упатството за извоз ) , железницата , во товарниот лист - **ЦИМ** , во полето број **36** (прилози) од **ЛИСТОТ БРОЈ 5** го внесува бројот ( или броевите - ако се работи за збирна стока ) на регистрација од **ЕЦД - то** за извоз.

***Пример :***

| 35- Carinski bele{ki - Indications douanieres - Zollamtliche Vermerke | 36 Prilizi na tovarniot list - Annexes a la lettre de voiture – Beilagen zum frachtbrief |
|---|---|
| | **K-33 / 285 / 22.01.2006 / 1010** |

Железницата покрај сетот од **ЦИМ-от** (листовите **1,2,3 и 5**), на одредишниот царински орган му ги поднесува листовите **2** и **3** од **ЕЦД - то** за извоз .

Одредишниот царински орган проверува дали стоката, наведена во товарниот лист - **ЦИМ** , одговара со стоката пријавена за извоз и **го заведува ЕЦД - то** за извоз во

**>> КОНТРОЛНИКОТ ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ИЗВОЗ И ПОВТОРЕН ИЗВОЗ НА ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ ( К-5) <<.**

На **задната страна** од листовите **2** и **3** од **ЕЦД - то за извоз**, става забелешка :

**>> ИЗЛЕЗ / ОЗНАКА НА КОНТРОЛНИКОТ / БРОЈ НА РЕГИСТРАЦИЈА / ДАТУМ / БРОЈ НА ЦАРИНСКАТА ИСПОСТАВА <<** ,

и оверува со округол печат на царинската испостава.

***Пример на потврда на излез на задната страна од листовите 2 и 3 од ЕЦД - то :***

**ИЗЛЕЗ / К-5 / 355 / 23.01.2006 / 1040**

Одредишниот царински орган, истиот број го запишува во **полето 35** од **ЛИСТОТ БРОЈ 5** од товарниот лист - **ЦИМ**, и оверува со округол печат на царинската испостава.

***Пример :***

| 35- Carinski bele{ki - Indications douanieres - Zollamtliche Vermerke | 36 Prilizi na tovarniot list - Annexes a la lettre de voiture – Beilagen zum frachtbrief |
|---|---|
| **К-5 / 355 / 23.01.2006 / 1040** | **К-33 / 285 / 22.01.2006 / 1010** |

Одредишниот царински орган , **листот број 2 од ЕЦД - то** за извоз **го задржува** во својата архива , а **листот број 3** заедно со сите листови од **ЦИМ - от ги враќа** на железницата.

За железницата, добивањето на сетот од листовите од **ЦИМ - от** со вака заверениот **лист број 5** , значи дека царинската постапка е завршена и дека пратката може да го напушти царинското подрачје .
Истите податоци од **листот 5 од ЦИМ -** от , железницата ги внесува во својот информациски систем за евидентирање на излезот на стоката.

Листот **број 3 од ЕЦД - то за извоз** , железницата **го враќа** на извозникот .

**13.** Овластен испраќач којшто ја предава стоката за транспорт со железница, **во полето 36** од листот **број 5 од ЦИМ - от**, запишува евидентен број на одобрението за поедноставена постапка издадено од Централната Управа на Царинската Управа на РМ, реден број и година на сопствениот одобрен евидентен запис и забелешка

**>>ПОЕДНОСТАВЕН ИЗВОЗ<<**

***Пример за пополнување на полето 36 од листот број 5 од ЦИМ - от :***

| 35- Carinski bele{ki - Indications douanieres - Zollamtliche Vermerke | 36 Prilizi na tovarniot list - Annexes a la lettre de voiture – Beilagen zum frachtbrief |
|---|---|
| | **МК 1030 ЛЦИ 001 / Ебр /250/2006**<br>**ПОЕДНОСТАВЕН ИЗВОЗ** |

***каде што:***

**ЛЦИ - локално царинење извоз**

Во овој случај , железницата на одредишниот царински орган, покрај товарниот лист - **ЦИМ** (листови **1,2,3** и **5**) , му го поднесува и **листот број 3 од ЕЦД - то** за извоз **од овластениот испраќач на стоката** согласно Упатството за поедноставени постапки **А-6-1.**

Одредишниот царински орган **го заведува** листот број **3** од **ЕЦД-то**, во **>>КОНТРОЛНИКОТ НА ПОЕДНОСТАВЕНИ ПОСТАПКИ ЗА ДЕКЛАРИРАЊЕ - ИЗВОЗНИ ПОСТАПКИ ( К-9)<<** , и на листот број **3** од **ЕЦД - то** за извоз од овластениот испраќач на стоката, запишува забелешка :

**>> ПОЕДНОСТАВЕН ИЗВОЗ / ОЗНАКА НА КОНТРОЛНИКОТ / БРОЈ НА РЕГИСТРАЦИЈА / ДАТУМ / БРОЈ НА ЦИ <<.**

Одредишниот царински орган истата забелешка ја запишува во полето број **35** од листот број **5 од ЦИМ - от**.

Сите листови од товарниот лист - **ЦИМ**, се враќаат на железницата, заедно со листот број **3 од ЕЦД - то** за извоз од овластениот испраќач на стоката .

За железницата, добивањето на сетот од листовите од **ЦИМ - от** со вака заверениот лист број **5** , значи дека царинската постапка е завршена и дека пратката може да го напушти царинското подрачје .

Истите податоци од листот **5 од ЦИМ - от** , железницата ги внесува во својот информациски систем за евидентирање на излезот на стоката.

Листот број **3** од **ЕЦД - то** за извоз од овластениот испраќач, вака заверен , **железницата го враќа** на овластениот испраќач .

***Пример за пополнување на полето 35 од листот број 5 од ЦИМ - от :***

| 35- Carinski bele{ki - Indications douanieres - Zollamtliche Vermerke | 36 Prilizi na tovarniot list - Annexes a la lettre de voiture – Beilagen zum frachtbrief |
|---|---|
| **ПОЕДНОСТАВЕН ИЗВОЗ**<br>**К-9 / 30 / 15.01.2006 / 1040** | **МК 1030 ЛЦИ 001 / Ебр /250/2006**<br>**ПОЕДНОСТАВЕН ИЗВОЗ** |

Понатаму постапката се спроведува согласно Упатството за поедноставени постапки **А-6-1** .

**Б-3-6** ***ТРАНЗИТ КОЈШТО ЗАПОЧНУВА НАДВОР ОД ЦАРИНСКОТО ПОДРАЧЈЕ И ЗАВРШУВА НАДВОР ОД ЦАРИНСКОТО ПОДРАЧЈЕ***

**14.** Транзитната постапка започнува исто како што е опишано во **точката 3** од ова упатство, **или** како што е опишано во **точка 5** .

Со таа разлика што железницата на појдовниот царински орган, покрај оригиналниот сет листови од **ЦИМ - от**, му поднесува една фотокопија од **листот број 1** која истиот ја заверува и ја враќа на железницата (**или две фотокопии**, ако се работи за стока од "**СПИСОКОТ ЗА АКЦИЗНИ И ДРУГИ СТОКИ**" , од кои една заверена фотокопија задржува појдовниот царински орган).

Сите забелешки и заверки се ставаат **САМО НА ФОТОКОПИЈАТА** (и на "**СПИСОКОТ НА ВАГОНИ-КОНТЕЈНЕРИ**" за случај од точка **5**), од **листот број 1** , **НЕ** и на оригиналниот сет од **ЦИМ - от.**

**15.** За завршување на транзитната постапка во предвид треба да се земе точката **10 или** точката **5** од ова упатство .

**Б-3-7** ***СПЕЦИФИКИ ВО ОДНОС НА ПРЕВОЗОТ НА СТОКАТА ПРЕКУ ЖЕЛЕЗНИЦА***

**Б-3-7-1** ***ПРЕТОВАР НА СТОКА***

**16.** Ако транзитот е оневозможен поради дефект на вагонот , стоката може да се претовари во друг вагон под надзор на царински орган , **без промена** на товарниот лист - **ЦИМ** .

Во ваков случај , железницата го известува најблискиот **царински орган** , на подрачјето каде што треба да се изврши претоварот .

Царинскиот орган, под чиј надзор се врши претоварот, **во полето 21** од листот број **1** од **ЦИМ - от** , го прецртува бројот на вагонот кој се расипал и **го запишува** бројот на вагонот **во кој ќе се претовара стоката** , а по завршениот претовар на стоката, на задната страна од листот **број 2** од **ЦИМ - от**, во полето **"В"** (или на задната страна од фотокопијата од листот број **1 - за случај опишан во точката 14 од ова упатство**), става забелешка **" ИЗВРШЕН ПРЕТОВАР "**, запишува број и количина на царински обележја и оверува со потпис и печат на царинската испостава.
Ако е потребно само прередување на товарот заради негово изместување во тек на транспортот , надлежниот царинскиот орган , става забелешка : **"ПОПРАВКА НА ТОВАР , ПРОМЕНА НА ЦАРИНСКИ ОБЕЛЕЖЈА "** и под истата запишува број и количина на истите .

**Б-3-7-2** ***ОДНЕСУВАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЦАТА ВО СЛУЧАЈ НА ПОПРАВКА НА ВАГОНИТЕ***

**17.** Во случај на **помали дефекти** на вагоните, кога поправката **може да се изврши без да се посегнува** во содржината на стоката , железницата **може да ја изврши поправката** на вагонот **без претходно** да го извести царинскиот орган .

Доколку поправката **не може** да се изврши **без посегнување** во содржината на стоката , железницата **е должна** да постапи **согласно точка 16** .

**18.** Железницата за потребите на царинскиот надзор ги **доставува само податоците за стоката** , кога товарниот и помошен прибор **се наведени** во товарниот лист **ЦИМ** и кога тие се претставени (според тежината) одвоено од другата стока .

**Празни вагони и празни контејнери** кои се натоварени на вагон, железницата **ги пријавува усно** и за нив не се извршуваат никакви формалности .

Исто така, деловите кои железницата ги внесува за поправка на странски вагони кои се расипале во царинското подрачје на РМ, се пријавуваат само усно на царинскиот орган и за нив не се извршуваат никакви формалности .

**Б-3-8** ***ТРАНЗИТ НА СТОКАТА ВО ГОЛЕМИ КОНТЕЈНЕРИ,КОИ СЕ ПРЕНЕСУВААТ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДРУШТВОТО Intercontainer-Frigo (ICF)***
***(членови 290 до 301 од Уредбата)***

**19.** Поедноставена транзитна постапка при транспортот на стоката во големи контејнери се извршува под следните услови :

- Стоката се превезува во контејнери опишани во член **291** точка **2** од **УСЦЗ** ;

- Секој контејнер се смета како едно транспортно средство

- Транспортот се врши во организација на друштвото ***Intercontainer-Frigo (ICF)*** , чиј содружник е железницата ;

- Транспорти кои се вршат во организација на друштвото ***Intercontainer-Frigo (ICF)*** , се извршуваат врз основа на **" Предавен лист ТР "** , којшто е **задолжителен** прилог кон товарниот лист **ЦИМ** ;

- **"Предавниот лист ТР" заедно** со товарниот лист **ЦИМ** служи како транзитна декларација ;

- Покрај железничкиот транспорт , во **комбинираниот** сообраќај, транспортот на контејнерите е возможен и со други транспортни средства.

*член 291 точка 4 од УСЦЗ*

Со еден **" предавен лист ТР "** можат да бидат опфатени еден или група контејнери но секогаш за исти приемач , како и за иста упатна станица . Ако со еден **"предавен лист ТР"** се опфатени повеќе контејнери , тогаш кон **"предавниот лист ТР"** се поднесува и **"список на големи контејнери"**

Бројот на **" предавниот лист ТР "** , кој се наоѓа во горниот десен агол после буквите **" ТР "** , е запишан во полето **36** од товарниот лист - **ЦИМ** . Сите **"предавни листови ТР"** кои го пратат товарниот лист - **ЦИМ** , **се запишани во полето 36** од **ЦИМ - от.**

Транзитната постапка врз основа на **" Предавен лист ТР "** е **идентична** со транзитната постапка врз база на **товарен лист - ЦИМ** , со таа разлика што во првиот случај транзитната декларација се однесува на **вагонот** со којшто се транспортира стоката , а во вториот случај транзитната декларација се однесува на секој **контејнер** натоварен со стока .

## Б-3-8-1 *КОМБИНИРАН ТРАНСПОРТ*

**20.** Комбиниран транспорт, при транзит на стока во големи контејнери, **може да се изврши само** на железничката станица **"Скопје - Товарна - контејнерски терминал "** . Притоа **надлежен царински орган** за оваа операција е **Ц.И.Трубарево - 1030 .**

Надлежниот царински орган ,ја затвора започнатата транзитна операција со железница , согласно ова упатство и за контејнерот започнува нова транзитна постапка која важи за друмски сообраќај .

## Б-3-9 *ВНЕСУВАЊЕ НА СТОКА ВО СЛОБОДНА ЗОНА И ИЗНЕСУВАЊЕ ОД НЕА*

Транзитната постапка при внесувањето на стоки во слободна царинска зона и изнесување на стоки од неа е иста како постапката опишана во точките **3** до **18** .

Согласно **член 279 од УСЦЗ,** железницата **е должна,** на Секторот за контрола и истраги за контролни намени да овозможи увид во евиденцијата која се води во службата за контрола на приходи на Ј.П. Македонски Железници .

Секторот за контрола и истраги врши контрола врз транзитните постапки во железничкиот транспорт :

- со контрола на забелешките во товарните листови - **ЦИМ** ;

- со следење влез и излез на вагони и контејнери, евидентирани во царинскиот електронски систем и железничкиот електронски систем ;

Секторот за контрола и истраги врши контрола врз транзитните пратки кои претставуваат поголем ризик за измама дадени во " **СПИСОК НА АКЦИЗНИ И ДРУГИ СТОКИ** " (**прилог 3** кон ова упатство), врз основа на **10** - дневен писмен извештај на железницата за такви пратки на образец **"ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНЗИТ НА АКЦИЗНИ И ДРУГИ СТОКИ"** (**прилог 5** од ова упатство).

Случајна проверка на транзитните постапки и проверка во случај кога податоците во информацискиот систем на железницата се погрешни или нецелосни , се врши со помош на образецот "**БАРАЊЕ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА ПРОВЕРКА ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ ТРАНСПОРТ**" (**прилог 4** од ова упатство), кое Секторот за контрола и истраги го испраќа до одредишниот царински орган .

Одредишниот царински орган, **пополнетиот** образец со резултати од проверката **му го враќа** на Секторот за контрола и истраги **најдоцана за 10 - дена** .

Повремена проверка на транзитот ќе вршат појдовниот и одредишниот царински орган .

**прилози :**

1. **СПИСОК НА ВАГОНИ - КОНТЕЈНЕРИ**
2. **ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РЕЕКСПЕДИЦИЈА**
3. **СПИСОК НА АКЦИЗНИ И ДРУГИ СТОКИ**
4. **ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНЗИТ НА АКЦИЗНИ И ДРУГИ СТОКИ**
5. **БАРАЊЕ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА ПРОВЕРКА ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ ТРАНСПОРТ**

Упатството започнува да се применува од 01.01.2006 година

Изготвил :
Дончо Јовановски

**ПРИЛОГ 1**

# СПИСОК НА ВАГОНИ - КОНТЕЈНЕРИ

| реден број | Документ | | Број (вагон или контејнер) | Бруто маса ( кгр ) | Вид на стока | Појдовен Цаински орган | Одредишен Царински орган |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вид ЦИМ или ТР | Број | | | | | |
| 1 | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | |
| 8 | | | | | | | |
| 9 | | | | | | | |
| 10 | | | | | | | |
| 11 | | | | | | | |
| 12 | | | | | | | |
| 13 | | | | | | | |
| 14 | | | | | | | |
| 15 | | | | | | | |

***Појдовен Царински орѓан***

**Царински работник**

_______________

**м.п.**

***Одредишен Царински орѓан***

**Царински работник**

________________

**м.п.**

**ПРИЛОГ 2**

**До Ц.И.______________**

## ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РЕЕКСПЕДИЦИЈА

**Ве известуваме дека пратката пристигната од Ц.И.______________ , со транзитна декларација број К-1_______ од __________ година , со број на товарен лист - ЦИМ _____________ и број на пристигање во Ж.С. ________________ , со број на Предавен Лист ТР______________ , пријавена во Ц.И___________________ со К-2________ од ____________ година , поради измена на договорот за превоз ќе биде упатена за Ж.С.______________ и поради тоа бараме да ни се одобри нова транзитна постапка . Во прилог на ова известување го поднесуваме на увид товарниот лист - ЦИМ, со кој пратката пристигна и новиот товарен лист - ЦИМ со кој пратката ќе биде упатена во Ц.И.______________**

**Железничка Станица** **Шеф на Ц.И.**

**____________________** **_____________**

**датум**

**мп**

# СПИСОК НА АКЦИЗНИ И ДРУГИ СТОКИ

За следните стоки :

1. **Цигари**
2. **Алкохол и алкохолни пијалоци**
3. **Пиво**
4. **Нафта и нафтени деривати**

Железницата е должна :

1. На Појдовниот царински орган да му достави фотокопија од листот број **1** од **ЦИМ** - от и од **" Предавниот Лист ТР "** ( ако стоката е натоварена во контејнер ) , и

2. До **Секторот за контрола и истраги** при Централната Управа на Царинската Управа на РМ да доставува 10 - дневен писмен извештај за транзит на вакви стоки , на образец **" ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНЗИТ НА АКЦИЗНИ СТОКИ "** ( прилог **4** од упатството )

**ПРИЛОГ 4**

**До**
**Централна Управа на ЦУРМ**
**Сектор за контрола и истраги**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНЗИТ НА АКЦИЗНИ И ДРУГИ СТОКИ

Ве известуваме дека во периодот од _______ до ________ година , во царинското подрачје на РМ , согласно прилог 3 од Упатството за транзитна постапка во железничкиот транспорт Б-3 , Ј.П.Македонски Железници изврши транспорт на следните акцизни стоки :

1. Транспорт на ------- кгр (вид на стока ) , со број вагон(контејнер)------------------------ , број на ЦИМ ( ТР ) ------------------- , со транзитна декларација **К-1** (број и датум) во ЦИ ------------------- ,упатен во ЦИ --------------- , е завршен со број **К-2** (број и датум) во ЦИ ------------------------- .

2. Транспорт на ------- кгр (вид на стока ) , со број вагон(контејнер)------------------------ , број на ЦИМ ( ТР ) ------------------- , со транзитна декларација **К-1** (број и датум) во ЦИ ------------------- ,упатен во ЦИ --------------- , е завршен со број **К-2** (број и датум) во ЦИ ------------------------- .

3. Транспорт на ------- кгр (вид на стока ) , со број вагон(контејнер)------------------------ , број на ЦИМ ( ТР ) ------------------- , со транзитна декларација **К-1** (број и датум) во ЦИ ------------------- ,упатен во ЦИ --------------- , е завршен со број **К-2** (број и датум) во ЦИ ------------------------- .

Ј.П.Македонски Железници
Служба за контрола на приходи

м.п.

**ПРИЛОГ 5**

**Централна Управа на ЦУРМ**
**Сектор за контрола и истраги**
**број________________**
**датум**

**До Царинска Испостава**

# БАРАЊЕ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА ПРОВЕРКА ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ ТРАНСПОРТ

**Бараме да се наведе точен податок за завршување на транзитната постапка за стоката наведена во товарен лист - ЦИМ ( број ) , предавен лист ТР ( број ) , заведен во ЦИ ________________ , со број на транзитна декларација К-1 (број и датум ) , поради следното :**

- ☐ **печатот е нечиток**
- ☐ **недостасува округол печат**
- ☐ **недостасува број во полето 35 од ЦИМ - от**
- ☐ **бројот и ознаката на контролникот од полето 35 се нечитки**
- ☐ **недостасува потпис - факсимил од царински работник**
- ☐ **податоците во полето 35 се прецртани , непотполни , поправани**
- ☐ **други причини : __________________________________________________**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

**Прилог фотокопија од :**

- ☐ **ЦИМ број**
- ☐ **Предавен лист ТР број**
- ☐ **Список на вагони-контејнери**

---

**Резултат од проверката (пополнува испоставата) :**

**Во врска со Вашето барање ве известуваме дека :**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

| | | |
|---|---|---|
| **..................................** <br> **(датум место)** | **печат** | **потпис** |